ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

# ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден 10.09.2018 година во 09:00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни:** Градоначалник Борјанчо Мицевски, Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија Душко Арсовски, претставник од Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина Иван Велиновски – Советник за урбанистичко планирање, Раководител на Одделение за финансиски прашања Драгица Митровска, Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков, Раководител на Одделение за човечки ресурси Игор Додевски, Раководител на Одделение за правни и општи работи Јаготка Николовска, Советник за правни работи и застапување Мартин Николовски и Директор на ЈП Комуналец Миле Марковски.

**Дневен ред:**

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

## ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ

**Одделение за финансиски прашања**

Информација во врска со тековните активности на ниво на ова одделение.
Информација во врска со тековни плаќања по фактури и договори.
Информација во врска со подготвителните активности за ребаланс на буџетот за 2018 година.

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

Информација во врска со активностите поврзани со расчистување на патниот правец во с.Мартиница од страна на ДИНЕ ТРЕЈД, кои што треба да отпочнат на 10.09.2018 година.

Информација во врска со тековните активности за поставување на габиони на постоечко свлечиште во с.Дурачка Река.

Информација во врска со активностите поврзани со санација на постоечко свлечиште во с.Конопница, со напомена дека поради врнежите од дожд активностите се во застој и истите ќе продолжат во наредните денови.

Информација во врска со активностите околу поставување на ивичњаци на ул.„8-ми Октомври“ и асфалтирање на училишниот двор во ООУ ИЛИНДЕН и ОЈУДГ ДЕТЕЛИНКА од страна на КООП, кои што треба да продолжат заклучно од 10.09.2018 година.

Задолжение за поголема ангажираност при реализацијата на активностите во врска со проектот за Станечки Водопади, за кој што рокот, согласно со договорот со Бирото за рурален развој, е до 30.11.2018 година.

Информација во врска со изградба на потпорна стена на ул.„Македонска“.

Информација во врска со подготвителните активности за санација на оградата на т.н. Шанин Мост.

Задолжение за изнаоѓање на солуција за осветлување на пешачката патека на стара вада во рамки на проектот финансиран преку програмата за прекугранична соработка со Косово, а кој што е во фаза на имплементација и изведбени активности.

Задолжение за ангажирање на МЕЛТОН за монтирање на држачи за знамиња на зградата на Општина Крива Паланка.

Задолжение за санација на искршена мермерна плоча на столб пред зградата на Општина Крива Паланка и информација за распишан тендер за набавка на мермерни плочи.

Информација во врска со постапката за издавање на одобрение за проектот за Плоштадот, како и одобрение за локации за поставување на урбана опрема за фитнес, а кои треба да бидат подготвени и издадени од страна на Одделението за урбанизам, сообраќај и заштита на животната средина.

Информација за други тековни активности на ниво на ова одделение.

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

Информација во врска со активностите околу постапката за донесување на ДУП за урбан блок 7-А од страна на „Простор“ - Куманово.

Задолжение за закажување и одржување на состанок за ГИС пред распишувањето на нов повик за јавна набавка.

Информација во врска со активностите и потребните согласности неопходни за аплицирање на проектот за Плоштадот.

Информација во врска со постапката за донесување на проект за инфраструктура на јаловиште.

Задолжение за пријавување на оштетување на една од новопоставените автобуски постојки.

Задолжение за утврдување на локации и издавање на одобрение за поставување на урбана опрема за фитнес.

Информација во врска со другите тековни активности на ниво на ова одделение.

**Одделение за човечки ресурси**

Информација во врска со објавен оглас за вработување на помошен персонал и подготовка на огласи за вработување во ТППЕ и интерни огласи за унапредување на административни службеници, кои треба да бидат објавени во најкраток временски период.

Информација во врска со подготовката на процедури за оценување на административни службеници.

Информација во врска со подготовката на функционална анализа, со напомена за одржување на итен состанок до крајот на Септември, заради пресек на спорведените активности и обработените податоци.

Информација во врска со другите тековни активнсоти на ниво на ова одделение.

**Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија**

Информација во врска со организацијата на Меѓународниот Театарски Фестивал Свети Јоаким Осоговски.

Информација во врска со активностите во рамки на Манифестацијата „Недела на Шпанскиот Филм“.

Задолжение за подготовка на проектна апликација која што ќе биде аплицирана во рамки на повикот за аплицирање објавен од страна на Амбасадата на Австралија во РМ.

Задолжение за подготовка на потребните стратешки документи со Стопанска Комора на РМ во сферата на еко-туризам, енергетска ефикасност и образование.

Информација во врска со активностите околу организирање на претстојни спортски активности предвидени за ден 27.09.2018 година во спортската сала во ООУ ИЛИНДЕН и турнир во мал фудбал, предвиден за 22 и 23.09.2018 година.

Информација за други тековни активности на иво на ова одделение.

**Одделение за правни и општи работи**

Информација во врска со достава на решенија за даноци на имот.

Информација во врска со тековни и завршени тендерски постапки и исходот од истите (канцелариски материјали и осигурување).

Информација во врска со други тековни активности на ниво на ова одделение.

**ЈП Комуналец**

Информација во врска со ноќно собирање на смет.

Информација во врска со уредување на насипи и жардињери и озеленување на површини на ул.„Херој Карпош“.

Информација во врска со санација на тековни проблеми со водоснабдување во с.Конопница и чистење на зафати.

Информација во врска со тековно чистење и одржување на јавни површини.

Информација во врска со други тековни активности на ниво на ова претпријатие.

**Изготвил:**
**Мартин Николовски – Советник за правни работи и застапување**
**10.09.2018 година, Крива Паланка**